# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работењето на Одборот на директори на**
**ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје**
**во 2025 година**

Одборот на директори на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје во текот на 2025 година одржа 6 седници.

На седниците на Одоборот разгледувани се следните прашања:

- Усвојување на годишната сметка и консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи, годишниот извештај и консолидираниот годишен извештај за работа на Друштвото за 2024 година;
- Усвојување на материјалите за годишното собрание на Друштвото што се одржа во месец мај 2025 година;
- Разгледување на финансиските резултати на Друштвото во текот на годината;
- Други тековни прашања.

Согласно со член 480, став 3 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи и го разгледаа Извештајот на овластениот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје за 2025 година. Според независниот ревизор, со исклучок на ефектите или можните ефекти од прашањата опишани во делот Основа за мислење со резерва, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје заклучно со 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Ревизорот укажува на постоење на салда од минати години во рамките на сметките на побарувања од купувачи, побарувања за аванси, побарувања за краткорочни позајмици и аванси дадени за материјални средства. Во врска со ревизијата на консолидираните финансиски извештаи ревизорот се воздржал од давање мислење поради недобиена доволна и соодветна сметководствена и друга поткрепувачка документација во врска со финансиските информации на подружницата, а кои што се содржани во консолидираните финансиски извештаи.

Неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат Собранието на акционери:

1. Да ги одобри годишната сметка, финансиските извештаи со мислењето на независниот ревизор и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2025 година, како и консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи со мислењето на независниот ревизор и годишниот извештај за работа на Групацијата за деловната 2025 година;
2. Да го одобри работењето на Одборот на директори за 2025 година.

април, 2026 година

Одбор на директори

Претседател

Акционерско друштво ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА